РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УП1 Број: / Numer: 08-159
31.05.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23 и 55/24), а согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), во врска со Предлогот Уп1 бр.08-159 од 17.05.2024 г. и Предлогот Уп1 бр.08-159 од 30.05.2024 г., а согласно Заклучокот, арх.бр.02-2576/3 од 31.05.2024 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 25-та седница одржана на 31.05.2024 г., донесе

# РЕШЕНИЕ
## за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување

СЕ ЗАПИРА покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво (ТРД) ЈОН-РАДИО ДОО Струга, Уп1 бр.08-301 од 01.09.2023 г.

## Образложение

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) на 22-та седница одржана на 20.05.2024 г., со Заклучок арх.бр.02-2453/3 од 20.05.2024 г., го усвои Предлогот од директорот, Уп1 бр.08-159 од 17.05.2024 г. и покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга, Уп1 бр.08-301 од 01.09.2023 г., поради тоа што по извршениот редовен административен надзор, во Писмениот извештај, арх.бр.05-2442/1 од 16.05.2024 г., беше констатирано дека радиодифузерот во законскиот рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата, не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата.

Во врска со тоа, од страна на Агенцијата на 21.05.2024 г. до горенаведениот радиодифузер беше испратен Допис Уп1 бр.08-159 од 21.05.2024 г., за негово известување дека доколку не го плати годишниот надоместок за дозволата за радио емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање на дозволата, ќе донесе одлука за одземање на дозволата за радио емитување.

Меѓутоа, на 30.05.2024 г. до Директорот на Агенцијата, од страна на Секторот за финансии и логистика, доставено е Известување арх.бр.05-2574/1 од 30.05.2024 г. дека ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга, на 30.05.2024 година извршил уплата во износ од 787.668,00 (седумстотини осумдесет и седум илјади и шестотини шеесет и осум) денари, со што годишниот надоместок за дозволата за радио емитување го платил во целост.

Следствено на сето горенаведено, врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10 од ЗАВМУ, согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка, во врска со Предлогот Уп1 бр.08-159 од 17.05.2024 г. и Предлогот Уп1 бр.08-159 од 30.05.2024 г., а согласно Заклучокот арх.бр.02-2576/3 од 31.05.2024 г., Советот на Агенцијата, на 25-та седница одржана на 31.05.2024 г., одлучи да ја запре покренатата постапка за одземање на дозволата.

Врз основа на погоре наведеното се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

Правна поука: Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга;
- Управителот на ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за финансии и логистика и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на Уписникот Уп1.

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).